РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2184/5
24-07-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36- та седница одржана на 20.07.2026 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1762/1 од 13.06.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службена должност и несовесно работење во ---------------- --- ------- ---------------- --------------- -- ---------------- - ------------ ------------- -- ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи постапил друг надлежен орган и не утврдил неправилности во работењето на ----------- ---- --- ---------------------- --------------- -- ---------------- - ------------ ------------- -- ----.

Предметот со број 12-1762/1 од 13.06.2025 година како завршен да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 13.06.2025 година поднесена е пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службена должност и несовесно работење во ---------------- --- ------- ---------------- --------------- -- ---------------- - ------------ ------------- -- ------- по која оформен е предмет број 12-1762/1 од 13.06.2025 година.

Во пријавата е наведено дека од страна на директорот на ------------ биле издадени Решенија за додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата за сите вработени спротивно на член 10 од Законот за извршување на буџет според кој предвидено е право за исплата на додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата на оние вработени во --------- ------------ по основ на извршување на работи и работни задачи во структурите за управување со инструментот за претпристапна помош (------) доколку со друг закон не е поинаку уредено. Подносителот на пријавата се сомнева дека со ваквото постапување била нанесена штета на буџетот на ---------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во насока на проверка на пријавените наводи и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара произнесување од страна на --------------- со достава на прилог документација по однос наводите од предметната пријава. Воедно, за случајот побаран е инспекциски надзор од Државниот инспекторат за труд.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ извести дека предметните Решенија во --------------- биле донесени согласно позитивните законски прописи, и правото на користење на додаток на плата кој што го добивале вработените во самиот буџетски корисник било законски основано како и дека истото било овозможено и во претходните години. ------------- смета дека доколку во својство на буџетски корисник не го исплаќа законско даденото право за користење на додаток на плата целосно на сите вработени, предвидено во член 10 став 1 и 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија (Сл. Весник на РСМ бр. 254/2024), тогаш во таква ситуација би го прекршила Законот на штета на вработените кои што работаат на мерките за директни плаќања и рурален развој во буџетскиот корисник.

Државниот инспектор на труд извести дека од страна на државен инспектор од областа на работните односи бил извршен надзор за предметниот случај и бил изготвен Записник за извршен инспекциски надзор ИП1 број 30-115 од 08.07.2026 година. При надзорот, по извршен увид во прибавените докази утврдено било дека во врска со пријавените наводи од пријавата не се констатирани неправилности и недостатоци во работењето на субјектот на надзор со образложение дека --------------- --- ---------------------- -------------- -- --------------- - ----------- ------------ - -- ---- има донесено Решенија за исплата на додаток на плата од 15% за своите вработени согласно член 9 став 1 и 3 од Законот за извршување на буџетот за 2026 година и согласно Уредбата на Влада на РСМ за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот на плата за ЕУ и ИПА структурите.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен органи - Државниот инспекторат за труд на РСМ, кој во рамките на своите законски надлежности извршил вонреден инспекциски надзор при кој не утврдил неправилности во работењето на субјектот на надзорот – --------------- --- ---------------------- -------------- -- ---------------- - ------------ ------------ -- ----.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК

Претседател

Адем Чучуљ